Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр 02-234/1
11.06 201 4 год
СКОПЈЕ

# ***Р Е Ф Е Р А Т***

**за избор во наставно звање насловен предавач во областа на Сметководство и Финансиски менаџмент**

Со Одлука бр.02-129/1 од 04.04.2014 година донесена на 34-та седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје одржана на 04.04.2014 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во насловно наставничко звање во областа на Сметководство и Финансиски менаџмент на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 19.03.2014год. и во предвидениот рок се пријавија следните кандидати:

- Д-р Јордан Ќосевски од Охрид, роден 11.04.1981 година, доктор на економски науки. Работно искуство од 5 години во банкарскиот сектор во одделот за советување на мали бизниси. Има напишано и објавено повеќе научни трудови и има учествувано на повеќе конференции.
- Д-р Весна Мицајкова од Скопје, родена 17.08.1977 година, доктор на економски науки. Работно искуство од 10 години во банкарскиот сектор во одделот за сметководство. Има напишано и објавено повеќе научни трудови и има учествувано на повеќе конференции.

Врз основа на приложената документација и разговорот со кандидатите во однос на нивното професионално искуство и очекувања од изборот, чест ни е на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје да му предложиме да биде избран кандидатот д-р Весна Мицајкова, за што го поднесуваме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Д-р Весна Мицајкова е родена на 17.08.1977 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршува во Гимназија "Јосип Броз - Тито"-Скопје. Во академската 1995/ 1996 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломира 2001година и се стекна со звањето дипломиран економист.

Во академската 2009/2010 година се запишува на последипломски студии на Универзитетот Американ колеџ Скопје, насока корпоративни финансии и банкарство. На 24.06.2011 година успешно го одбрани магистерскиот труд со наслов „Анализа на ефикасноста на системот за осигурување на депозити на Република Македонија –

потенцијални слабости и предлози за подобрување", со што се стекна со звање магистер по деловна економија и организациони науки.

Во ноември 2011 година на Економскиот институтво Скопје пријавува изработка на докторска теза под наслов "Современи концепти на финансирање на системот за осигурување на депозити и адекватност на премијата за осигурување на депозити". На 19.04.2013 година, успешно го одбрани докторскиот труд под горенаведениот наслов и се стекна со научен степен доктор на економски науки.

Професионалната кариерата ја започнува 2001 година во Т.А. "Инекс" Скопје на работно место: туристички работник. Во 2002 година се вработува во Пилко ДОО Скопје каде што извршува работни задачи во областа на продажната и финансиска анализа. Во 2005 година, преминува во Прокредит банка АД Скопје, за на крајот на истата година да се вработи во НЛБ Тутунска банка АД Скопје каде што тековно работи. Во НЛБ Тутунска банка до август 2010 година работи на работно место: книговодствено-административен референт на продажбата – контролор во Секторот за работа со готовина и депо, а од август 2010 година се префрла во Секторот за логистика на продажбата, Служба за логистика на работењето со финансиски институции и средства на Банката на работно место: надзорник за сметководство.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот има напишано и објавено повеќе трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници на конференции меѓу кои:

***1. 20 години од осамостојувањето на Република Македонија – монетарни остварувања,*** "Политичка мисла"-бр. 35, Списание на Фондацијата "Конрад Аденауер" и Институтот за демократија "Societas Civilis",септември, 2011, стр. 99-105;

***2. Introduction of models for risk-based contribution to Deposit Guarantee Scheme of Republic of Macedonia,*** "Economic development"-No. 1-3/2011,Меѓународно економско списание, Економски институт-Скопје, Универзитет "Свети Кирил и Методиј"-Скопје, 2011, стр. 115-130;

***3. Compliance assessment of the Macedonian deposit insurance system with the Core Principles for Effective Deposit Insurance Systems,*** "Economic development"-No.2-3/2012,Меѓународно економско списание, Економски институт-Скопје, Универзитет "Свети Кирил и Методиј"-Скопје, 2012, стр. 146-158;

***4.Cost-to-Income показател – Мерило за ефикасност на банките,***"Прилози 17-18" – Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012;

*5.Потенцијални слабости на системот за осигурување на депозити на Република Македонија,*"Прилози 17-18" - Списание на Македонското научно друштво - Битола, 2012;

*6. Колапсот на еврото – можни сценарија,* "Политичка мисла" бр. 37,Списание на Фондацијата "Конрад Аденауер" и Институтот за демократија "Societas Civilis", март, 2012, стр. 57-62;

*7.The R&D Indicators in the Knowledge-based Economy,* труд презентиран на меѓународната научна конференција "Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – тековни состојби и перспективи", одржана под покровителство на Претседателот на Република Македонија д-р ЃорѓеИванов на30мај 2012;

*8.Deposit Insurance in Times of Financial Crisis,,*"South-Eastern Europe Journal of Economics", Vol. 11, No 2, Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea Region, 2013, pg. 165-176;

*9. Cyprus Debt Crisis: Causes and Consequences,*Политичка мисла"-бр. 42, Меѓународно списание на Фондацијата "Конрад Аденауер" и Институтот за демократија "Societas Civilis", јуни 2013, стр. 73-79;

*10.Efficiency of Macedonian Banks: A DEA Approach:* Research Journal of Finance and Accounting" (Impact factor: 6.26) Vol 4, No 12, International Journal of IISTE International Institute for Science, Technology & Education, 2013, pg. 141-149;

*11.Evaluation of the Adequacy of the Macedonian Deposit Insurance Fund Target Reserve Ratio,*"Journal of Sustainable Development", Vol 4, Issue 7, Меѓународно списание на Факултетот за бизнис економија - Скопје, 2013, pg. 37-55;

*12.Investigating the Adequacy of the Macedonian Deposit Insurance Premium,*"Journal of Sustainable Development", Меѓународно списание на Факултетот за бизнис економија – Скопје (во процес на објава).

Кандидатот во 2010 година учествувал како член во научноистражувачки проект во соработка меѓу Универзитетот "Американ колеџ-Скопје"и Dauphine University, Париз, Франција, на тема: банкарскиот систем на Република Македонија.

Кандидатот е член на Македонско научно друштво – Битола.

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Весна Мицајкова, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени:
0(НО) + 25(НИ)+ 35(САОР)= 60 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Весна Мицајкова има потенцијал за научно-истражувачка работа, има повеќегодишно работно искуство во областа на банкарството, како и афинитети за научно -истражувачка работа. Оттука може да оцениме дека д-р Весна Мицајкова ги задоволува не само законски предвидените критериуми и интерните критериуми за да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје, во областа на Сметководство и Финансиски менаџмент.

Затоа на Наставничкиот совет на Факултетот му предлагаме да ја избере д-р Весна Мицајкова во звањето **насловен предавач во областа на Сметководство и Финансиски менаџмент.**

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф.д-р Благоја Наневски, редовен професор ____________________
2. Проф. д-р Весна Стојанова, редовен професор ____________________
3. Проф. д-р Антонија Јосифовска, редовен професор ____________________